Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-46/2
02.10.2023, Скопје

За потребите на проектот „Уставниот суд – заштитник на човековите права", финансиран од Германската амбасада во Скопје, врз основа на Договорот за грант меѓу Германската амбасада во Скопје и Институтот за човекови права бр. 0307-22/1 од 14.04.2023 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 06/2023
за набавка на услуги за техничка поддршка и продукција на еден онлајн курс

1. Институтот за човекови права (ИЧП) во рамки на проектот „Уставниот суд – заштитник на човековите права", финансиран од Германската амбасада во Скопје има потреба има потреба од **набавка на услуги за техничка поддршка и продукција на еден онлајн курс,** која ќе биде неопходна за успешно реализирање на проектните активности.

2. Опис на услугата:
   - Креирање на 2 кратки анимирани видеа за запознавање со курсот;
   - Обезбедување техничка поддршка за креирање на еден онлајн курс.

Подетален опис на услугите се дадени во проектната задача ToR 06/2023.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)

Услугата треба да се испорача во период од 12 октомври до 27 октомври 2023 година.

4. ИЧП ќе склучи договори со избраниот понудувач за реализација на активностите и резултатите наведени во проектната задача.
5. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:

За правни лица:

- Референтна листа на претходни слични ангажмани, со фокус на потребната квалификација и искуство.

За физички лица:

- Биографија со референци и портфолио со претходни слични ангажмани, со фокус на потребната квалификација и искуство.

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат и за правни и за физички лица:

Ставка	Опис на производ/услуга	Количина	Цена во бруто износ (МКД)
1.	Онлајн курс	1	
ВКУПНО		1	

Auswärtiges Amt

6. Изборот на понудувачот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понуда е следната:

Квалитативна евалуација	**Максимум можни бодови**
Искуство со дизајн	max 30
Искуство со веб дизајн	max 30
Вкупно бодови	**60**
Финансиска евалуација	**Максимум можни бодови**
Цена	max 40
Вкупно бодови	**40**
Финална евалуација	**Максимум можни бодови**
Просечна оценка за квалитативна евалуација	60
Просечна оценка за финансиска евалуација	40
Вкупна оценка	**100**

7. Услови и начин на плаќање

Физичко лице
Плаќањето ќе биде извршено по реализација на услугата по поединечен курс.

Правно лице
Плаќањето ќе биде извршено по реализација на услугата по поединечен курс. Проектот е ослободен од ДДВ, а понудувачот ќе добие соодветни документи за изработка на фактурата. Плаќањето ќе биде извршено по потпишување на договорот и доставување на фактура во рок од 30 дена.

8. Набавката е неделива.

9. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **09.10.2023 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **06.10.2023 година**.

Институт за човекови права

Весна Стефановска
Институт за човекови права